... Кирил и Методиј"
... факултет
Бр. 04-790/3
7.07.2008 год.
Скопје

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ОПШТА ДЕФЕКТОЛОГИЈА, ОЛИОГОФРЕНОЛОГИЈА И ДЕФЕКТОЛОШКА ДИЈАГНОСТИКА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет - Скопје донесена на неговата редовна седница на ден 18.06.2008 година избрани сме за членови на на Рецензентска комисија за изготвување извештај за избор на наставник по научните области: општа дефектологија, олигофренологија и дефектолошка дијагностика, при Филозофскиот факултет во Скопје.

На распишаниот конкурс на Филозофскиот факултет на "Универзитетот Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весникот "Утрински весник" на на ден 04.06.2008 година, се јави кандидатот д-р Горан Ајдински, вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

По разгледување на целокупната документација, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Ристо Петров, проф. д-р Кирил Темков и проф. д-р Јордан Јовев, имаат чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го поднесат следниот извештај:

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот проф. д-р Горан Ајдински е роден на ден 13.06.1968 год. во Скопје. Основно и средно медицинско училиште има завршено во Скопје.
По отслужувањето на воениот рок, се запишал на Дефектолошкиот факултет - група ментална ретардација на Универзитетот во Белград (учебна 1998/99). Дипломирал на Дефектолошкиот факултет со просечна оцена 9.11 на 1.11.1992 год. Истата година се запишал на последипломски студии на групата за ментална ретардација, а ги завршил со одбрана на магистерска работа под наслов "*Рано откривање, дијагноза и третман као претпоставка успешне рехабилитације ментално ретардираних лица*" на 16.12.1994 год. и се стекнал со научен степен магистер по дефектолошки науки.

Во периодот 1993 - 1995 работел како наставник - олигофренолог во ПОУ "Д-р Златен Сремец" во Скопје.

Во почетокот на 1995 година бил избран и се вработил како помлад асистент на студиите по дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Во текот на 1996 година бил избран во звањето асистент (по предметите структурална дефектологија и методика на ран третман и предучилишно воспитание на децата со пречки во развојот). Докторската дисертација под наслов "*Карактеристике развоја лако ментално ретардираних ученика у односу на постигнут успех у школи*" ја одбрани на

ден 13.06.1998 год. на Дефектолошкиот факултет во Белград и се стекна со научен степен доктор по дефектолошки науки. Натавно - научниот Совет на Филозофскиот факултет во Скопје го избра во звањето доцент во текот на месец февруари 1999 година по предметите структурална дефектологија и дефектолошка дијагностика. Во декември 2003 година е избран во звањето вонреден профессор по предметите основи на дефектологија, структурална дефектологија и дефектолошка дијагностика.

Од периодот 2001 - 2005 година беше раководител на Институтот за дефектологија. Во моментот е раководител на Советот на последипломски студии на Институтот за дефектологија.

**Наставна дејност**

Од изборот за вонреден професор па до денес, д-р Горан Ајдински со успех ја изведуваше наставата по предметите:

- Општа дефектологија;
- Структурална дефектологија,
- Дефектолошка дијагностика

Со измена на Наставната програма на Институтот за дефектологија согласно кредит трансфер ситемот како и Темпус програмата проф. д-р Горан Ајдински ја изведува наставата по предметите:

- основи на дефектологија;
- олигофренологија,
- дијагностика на лица со пречки во развојот

Во текот на периот во кој беше избран за наставник, со исклучително ангажирање и перманентно следење на современите процеси на планот на заштитата и рехабилитацијата на лицата со пречки во развојот, успешно ја реализираше наставата и вежбите со студентите на Институтот за дефектологија. Воспостави квалитетна комуникација со студентите и со колегите на наведениот институт.

Кандидатот активно учествува во работата и наставата на последипломските студии на Институтот за дефектологија и е раководител на истите студии.

Учествувал како член на комисии во одбрани на неколку магистерски тези и бил ментор на една докторска дисертација од обласса на менталната ретардација на Филозофскиот факултет во Скопје.

По покана на факултетот за психологија на Универзитетот „La Sapienza"во Рим (јуни, 2006 и септември 2006) има одржано предавања за додипломски и посдипломски студии од областа на дијагностиката на лицата со пречки во развојот и менталната ретардација.

Има одржано неколку предавања во редовни основни училишта и детска градинка од областа на дефектолошката теорија и практика за инклузивното образоавние.

**Научна и стручна дејност**

Од изборот за вонреден професор па до денес, д-р Горан Ајдински остварува значајна научна и стручна дејност.

Бил учесник и учествувал на неколку меѓународни проекти:
Бил кординатор на проектот Темпус "Во Фокус" за Македонија 2002-2005; Координатор е на проектот за Инклузивно образование и студиска размена за Македонија помеѓу Универзитетот „La Sapienza"во Рим и Филозофскиот факултет од 2006 година и кој е сеуште во тек; Член на стручниот тим во проектот - Едукативни и социјални активности со деца од Специјалниот завод во Демир Капија насочени кон деинституционализација, Институт за дефектологија - Филозофски факултет, финансиран од канцеларијата на УНИЦЕФ; Член на стручниот тим во проектот за обука на наставници во редовните училишта - Министерство за образование и наука и Институтот за педагогија.

Учествувал во подготовките и изработката на наставните планови и програми на Институтот за дефектологија.

Бил на студиски престој на неколку универзитети во европските земји: Холандија - Универзитетот во Нијемеген, на факултеттот во ПАБО-Арнем 2004, 2005; Германија - Универзитетот во Келн 2004; Италија - Универзитетот во Рим „La Sapinza„ 2006, 2007, 2008; Бугарија на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Благоевград 2005; и посетено стручни установи и научни институции кои работат на полето на рехабилитацијата на лицата со пречки во развојот.

Член е на Сојузот на дефектолози на Република Македонија, преку кое се организираат и реализираат повеќе научно-стручни собири и Македонското научно здружение за аутизам - МНЗА.

Член бил на повеќе комисии во избор на научни звања на колеги и стручњаци кои се занимаваат со дефектолошка работа.

Последиве две години е претседател на Комисијата за полагање на приправнички испити при Министерството за образование и наука.

Учествувал и настапувал на повеќе конгреси, симпозиуми, семинари и советувања:
Петта Европска конференција - Психолошки теории и истражувања за менталната ретардација и когнитивните развојни растројства, 27-29 Мај, Лил Франција 2004; Практичното искуство на училиштата и социјалната интеграција, работилница, Универзитет "Ла Сапинза" Рим, Италија, Март 2004; Интернационален Симпозиум - Холандски сојуз на невладини организации, 15-16 Ноември, Хаг, Холандија 2004; Меѓународна конференција - искуства од инклузивното образование, "Ла Сапинза" Рим, 23-24 септември 2006; Меѓународен научен собир - Специјална едукација и рехабилитација чекор и исчекор, 14 и 15 ноември, Белград, Србија 2005;

Шести национален Конгрес - Попреченост, третман и интеграција, 8-10 Јуни 2006 Падова Италија; Меѓународен конгрес - Мултидисциплинарни пристапи во специјалната едукација и рехабилитација, 15-17 септември, Белград, Србија 2006.

Во Македонија исто така бил присутен на неколку собири, семинари и конференции:

Меѓународна конференција на европската асоцијација за наставници - ЕТЕН, Февруари, Охрид, 2005; Меѓународен собир за ТЕМПУС - завршна конференција, филозофски факултет, Скопје, април 2005; Семинар за обука на наставници, 28-30 септември, Струга 2004; Семинар за обука на наставници, 15-17 октомври, Струга 2004; Семинар за инклузивно образование, септември Битола 2005; Меѓународен собир - Образование за сите - вработување за сите, СИНТЕФ - Норвешка и Институт за дефектиологија, април, Скопје, 2006. Научен собир – Терминологија за лицата со пречки во равојот, Клуб на пратеници, Скопје 2006.

На некои собири настапил и со свои презентации:

- Efect of Developmental-compensatory program in practice to children with severe mental retardation (Ajdinski G, Petrov R, Takasmanova T, Kopacev D.), 27-29 Мај, Лил Франција 2004;
- The current state of protection, education and rehabilitation and new tendencies in work with children with developmental disabilities in the Repubilc of Macedonia (Ajdinski G), 14 - 15 november, Belgrade, Serbia 2005;
- Un contributo di cooperazione interuniversitaria tra L`Italia e La Macedonia in tema di integrazione scolastica dei disabili (Ajdinski G., Carleschi A., Di Sarno V.l, Langher V., Petrov.R., Padova 8-10 Jun 2006
- Деца со пречки во психичкиот развој-карактеристики и очекувања (Ајдински Г), Струга, 28-30 септември 2005
- The organization of the Institute of special education and rehabilitation in Republic of Macedonia, final conferece TEMPUS, филозофски факултет, Скопје, април 2005
- Терминологија која се користи кај лицата со хендикеп, Клуб на пратеници, Скопје, 2006

**Има објавено неколку научно-стручни трудови:**

- *10 години постоење и работа на студиите по дефектологија 1993-2003*, Дефектолошка теорија и практика, Скопје, бр.1/2, 2004
- *Примена на терминологијата за лицата со инвалидност во светот и кај нас (коавторство)*, Дефектолошка теорија и практика, Скопје, бр.1/2, 2004
- *Неке карактеристике адолесцента са аутизмом (со коавторство,* Београдска дефектолошка школа 2-3, 2004
- *Ефекти од развојно компензаторната програма во работата со деца со тешка ментална ретардација, (со коавтори)*, Дефектолошка теорија и практика, Скопје, бр.3-4, 2005;
- *Меѓууниверзитетска соработка. Извештај за двегодишното искуство (коавторство),* Дефектолошка теорија и практика, бр. 1-2, 2006

- *Помогни ми да го направам тоа сам (со коавтор),* Годишен зборник на Филозофски факултет, 2006
- *Улогата на дефектологот во процесот на инклузија во редовните основни училишта,* Дефектолошка теорија и практика, бр. 1-2, 2007
- *Посдипломските студии на Институтот за дефектологија,* Дефектолошка теорија и практика, бр. 3-4, 2007
- *Новини во дефинирањето на менталната ретардација /интелектуална попреченост/, Дефефетолошка теорија и практика (во печат), бр. 1-2 2008*

**Има објавено две книги**:

1. *Олигофренологија (учебник),* Бомат - Графикс, Скопје 2007.
2. *Основи на дефектологија,* Македонска ризница, Куманово 2007

**Учествуваше во комисијата за изготвување на публикациите:**

1. *Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015*, Министерство за образование и наука, Скопје, 2006
2. *Стандарди за ефективно инклузивно училиште*, како проектна активност на УНИЦЕФ и Министерство за образование и наука.

Анализата на трудовите на д-р Горан Ајдински покажува дека неговите стручни трудови и двете објавени книги се сконцентрирани на суштински прашања од областа на дефектолошката дијагностика, едукацијата, третманот и дијагностиката на ментално ретардираните лица како и основните елементи од образованието, третманот и заштитата на лицата со пречки во развојот.

## Заклучок и предлог

Врз основа на увидот во наставно-научната ангажираност, објавените научно-стручни трудови, објавените книги како и анализата на неговата вкупна наставна, научно-стручна и општествена дејност во текот на последниот изборен период, може да се заклучи дека дејноста на кандидатот д-р Горан Ајдински е ориентирана кон проучување на суштински и актуелни прашања од областа на дефектолошката дијагностика, едукацијата и рехабилитацијата на лицата со пречки во развојот и општата дефектологија.

Како совесен и одговорен наставник кој се грижи за перманентно иновирање на содржините и пристапот кон наставната дејност, односно кон предметите кој ги предава, д-р Горан Ајдински дава особен придонес за развојот и унапредувањето на додипломските и последипломските студии на Институтот за дефектологија и на Филозофскиот факултет воопшто.

Со оглед на прикажаните резултати од наставно-научна и стручна активност, ни преставува особена чест и задоволство да го предложиме д-р Горан Ајдински да биде избран во звањето редовен професор по научните области: општа дефектологија, олигофренологија и дефектолошка дијагностика, при Филозофскиот факултет во Скопје.

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА

_______________________

Проф. д-р Ристо Петров

_______________________

Проф. д-р Кирил Темков

_______________________

Проф. д-р Јордан Јовев

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Бр. 04-790/08
30.10 2008 год.
Скопје

Врз основа на член 63, 132, 133 и 134 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 946/46 од 15. VI 2008 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXII редовна седница, одржана на 22.X .2008 година, донесе

## О Д Л У К А
за избор на наставник

I

1. **Д-р Горан Ајдински**, вонреден профессор по предметите: Основи на дефектологијата, Олигофренологијата, Дијагностика на лица со пречки во развојот на Институтот за дефектологија на Филозофскиот факултет во Скопје, с е   и з б и р а   во звањето **редовен професор** за научните области (дисциплини): Општа дефектологија, Олигофренологија и Дефектолошка дијагностика, на неопределено време од денот на изборот.

2. Со извршениот избор именуваниот-ата засновува работен однос на неопределено време, сметано од 23. X 2008 година.

II

Со именуваниот-ата ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваниот-ата, досието, Оделението за материјално –финансиско работење, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски